Фени го покори Сарај

Напишано од Unevski
Четврток, 16 Февруари 2012 01:24



Со победата во Сарај, над амбициозниот тим на Лирија, кошаркарите на Фени Индустри конечно ја забележаа првата гостинска победа во новата година, и тоа во петиот меч кој се играше надвор од Јасмин. Изворедната игра на центрите Кнежевиќ и Николовски, помогнати од Соколов кој беше речиси безгрешен во последните 10 минути ја донесоа важната победа во борбата за останувањето на врвот.

Првите десет минути донесоа резултатската нишалка во која домаќинот Лирија преку Тасовски ја достигна најголемата предност, 5 поени на минута и дваесет секунди до крајот, 25-20, но Душан Кнежевиќ со три поени, два од игра и еден од пенал линијата резултатски ја затвори првата делница од мечот.

8 секунди во вториот дел му требаа на играчите на Фени за повторно да го вратат водството на своја страна. Лилов со тројка по асистенција на Кирил Николовски го донесе Фени на +1, а Кнежевиќ зголеми на три поени позитива. На нешто помалку од 2 и 20 минути до крајот, Соколов го носи Фени на +8, 34-42. До крајот на полувремето домаќините уфрлија уште 4 поени на своето конто, додека македонскиот шампион само поен, 38-43.

Точно пет минути Фени го чуваше водството во третиот квартал, период во кој ја достигна новата најголема позитива, 9 поени, по што домаќините преку слободните фрлања на Тасовски повторно се враќаат во предност. Четирите поени предност кои набрзина ги создадоа играчите на Лирија беа знак за аларм во таборот на Фени. Навремениот тајм аут на Рајковиќ ги смири играчите на Фени и ги исфрли од ритам домаќините, па веднаш по одморот кавадаречките гордости ја враќаат позитивата, за да во последниот меч да влезат со три поени предност, 61-64.

Искуството и квалитетот на играчите на Фени, предводени од капитенот Самарџиев, центрите Кнежевиќ и Николовски, непогрешливиот во последниот период Соколов, и одбраната врз расположениот Тасовски беа клучни во креирањето на комфорна разлика која рано ја смири публиката. Конечни Лирија - Фени Индустри 86-84.

Дваесет и седумте поени на Душан Кнежевиќ, подржан од Николовски и Соколов кои додадоа по 17 поени, и одлучувачките две тројки на капитенот Самарџиев беа доволни за победа која значи продолжување на „мртвата“ трка со МЗТ кој денес се „прошета“ низ Куманово.

Димче Тасовски со 23 поени и Симиќ со 17 беа лидери на листата најдобри стрелци во домашниот тим.

Наредниот меч кошаркарите на Фени Индустри го играат веќе во сабота, во својот Јасмин против незгодниот тим на Торус.